Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 27.10.2022

На 26.10.2022 во 23.05 часот на ул.„29 Ноември" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода О.М.(30) од с.Џепчиште, тетовско. Тој бил фатен веднаш по извршување кривично дело „разбојничка кражба" во аптека на истата улица, каде што физички ја нападнал вработената и одзел пари од дневниот промет. Одземените пари биле пронајдени и вратени на сопственикот. По преземени мерки било утврдено дека лицето било барано по потерница за издржување затворска казна од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот против О.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.10.2022 околу 16.00 часот на улица „Љубо Божиновски-Пиш" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода 17-годишник од тетовска Шипковица, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2022 во 13.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 45-годишниот Ј.А. од гостиварско Пожаране. Во атарот на селото Галате, тој бил затекнат при пренесување на огревни дрва без жиг и потребната документација. Извршен бил увид, дрвата му биле одземени и предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка. По целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 26.10.2022 во 09.15 часот во Полициската станица Делчево, К.П.(68) од Делчево пријавил дека во неговата нива на место викано „Мишевска маала", атар на с.Очипла, делчевско, пронашол неексплодирана експлозивна направа. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ја подигнал експлозивната направа и констатирал дека се работи за артилериска граната од Првата светска војна. Увид извршила екипа од ОВР Делчево.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 146 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 10 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за непочитување на првенство на минување. Изречени се пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, четири мерки за недавање првенство на минување на пешаци...

На 26.10.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 33 прекршоци, од кои 25 во населено место и 8 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 37 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 2 за непрописно престигување, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непочитување првенство на минување, 3 за некористење сигурносен појас, 9 за користење мобилен телефон, 3 за неносење заштитен шлем и 6 за непрописно паркирање.

На подрачјето на СВР Тетово на 26.10.2022 во периодот од 06.00 до 10.00 часот била спроведена акциска контрола за првенство на минување во која вкупно биле откриени и санкционирани 5 прекршоци (ТЕ-4 и ГВ-1). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на непропуштање на возило на пат означен со адекватен сообраќаен знак. На возачите-прекршители изготвени им се поднесоци и зависно од прекршокот, тие ќе се соочат со парични глоби кои согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се движат од 45 до 250 евра. При контролата, исто така, констатирани и со соодветни поднесоци биле санкционирани и 15 други видови на сообраќајни прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-5). Вчера, од 20.00 до 22.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово спровеле и контрола на брзината со која се движат возилата во населено место. Во контролата откриени и санкционирани биле 17 пречекорувања на максимално дозволената брзина.

На 26.10.2022 во 07.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Васил Ѓоргов", ул.„Козара" и ул.„Бел Камен" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „дачија логан" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(60) од Скопје и мотоцикл „кавасаки" со скопски регистарски ознаки, управуван од А.Г.(57) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.10.2022 во 00.30 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на патот с.Сопот-с.Марена, на влез во с.Марена, патничко моторно возило „ауди" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од М.З.(24) од с.Сопот, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник, констатирани во Општата болница во Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 26.10.2022 во 19.10 часот во Полициската станица Кавадарци, од Општата болница во Кавадарци било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди била донесена Ј.Ч. (43) од с.Куманичево. По преземени мерки, полициски службеници констатирале дека околу 16.30 часот во двор од куќа во с.Куманичево, нејзиниот татко Ц.Ч.(67) додека го паркирал своето возило ја удрил Ј.Ч. со возилото. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 26.10.2022 во 18.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„Илинденска" во Гостивар, мотоцикл „јамаха" без регистарски таблички, управуван од малолетник од с.Сенокос, удрил во паркирано патничко моторно возило „цитроен ксара" со гостиварски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицинскиот центар во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 26.10.2022 во 14.20 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Т.(20) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилески Бато" бил каснат од куче скитник.

На 26.10.2022 во 17.12 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.Б.(62) од Скопје пријавила дека ул.„Жегљане" била касната од куче скитник.

На 26.10.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Чаир, Р.Р.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Качанички пат" бил каснат од куче скитник.

На 26.10.2022 во 16.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, го привеле 53-годишниот А.Б. од гостиварска Долна Бањица за издржување затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 26.10.2022 околу 13.30 часот на улица „Вонвардарска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.К.(22) и А.К.(19) од Тетово. Тие се сомничат дека во текот на овој месец извршиле неколку кражби од возила во Тетово. Предметите биле пронајдени и одземени од нив. По целосно расчистување и документирање на случаите против лицата ќе бидат поднесени пријави по член 235 и член 236 од Кривичниот законик.

На 26.10.2022 на ул.„Генерал Васко Карангелевски" во Битола, полициски службеници од Полициска станица за безбедност на сообраќајот при СВР Битола ги затекнале Б.Џ. од с.Обедник, битолско и С.А. од Битола како во патничко моторно возило „мерцедес" со битолски регистарски ознаки превезуваат огревно дрво без документација. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција, а по целосно документирање на случајот против лицата ќе следува соодветна пријава.

На 26.10.2022 околу 23.10 часот во с.Таринци, општина Карбинци, полициски службеници од Полициската станица Штип во содејство со Шумска полиција дале знак за запирање на патничко моторно возило „форд мондео", но возилото не застанало и продолжило со движење. Набргу, во близина на с.Оџалија, општина Карбинци, возилото било запрено и при извршената контрола било констатирано дека С.М.(35) од с.Кучица, општина Карбинци, во возилото превезувал огревни дрва без документација. Возилото и дрвата биле одземени од Шумска полиција и биле предадени на Шумско стопанство Штип за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (26.10.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 158 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 62 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 96 надвор од населено место.

На 26.10.2022 околу 22.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Д.Ѓ.(47) од Прилеп. Тој се сомничи дека околу 19.50 часот предизвикал пожар во ординацијата на неговата сопруга на улица „Сотир Ѓорѓиоски - Сотка" во Прилеп, по претходно нарушени семејни односи. Во службен разговор во полициска станица тој признал дека со бензин ја запалил ординацијата, при што изгорел инвентарот, а било оштетено и патничко возило „фолксваген пасат" со прилепски регистарски ознаки, сопственост на С.С.(19) од Прилеп, кое било паркирано пред ординацијата. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а повредени лица нема. Д.Ѓ. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.10.2022 на подрачјето на Полициската станица Свети Николе, полициски службеници затекнале 18 лица-мигранти, кои веднаш се пренесени во Прифатниот центар Винојуг во Гевгелија.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Н.(54) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и ,,овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес, извршен по судска наредба во неговиот дом на 30.03.2021, полициските службеници од Одделението за нелегална трговија со дрога при СВР Охрид го затекнале Н.П.(35) од Охрид при користење марихуана, а дополнително, пронајдена и одземена е марихуана и предмети со остатоци од марихуана, кокаин и хероин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.К.(33) од ресенското село Покрвеник поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед на пријавениот и на патничко моторно возило што го користел, извршен пред угостителски објект на улицата „Димитар Влахов" во Охрид, полициските службеници од Одделението за нелегална трговија со дрога при СВР Охрид пронашле марихуана и кокаин.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.М.(62) од селото Броштица, општина Центар Жупа Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на службата",. Тој, на 17.10.2022 во 08.50 часот, во просториите на подрачното основно училиштте, каде бил наставник, физички нападнал ученик.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против 17-годишен малолетник од Струга поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „тешка кражба", една „кражба" и две кривични дела „одземање моторно возило". Тој, делата ги извршил на 01.08.2022, на 05.10.2022 и 18/19.10.2022 од гаражи, паркинг простори и работилници во Струга и струшките села Враништа и Лабуништа.

На 26.10.2022 во 15.40 часот во СВР Скопје, Б.М.(42) од Скопје пријавила дека на 25.10.2022 околу 16.10 часот на автобуска постојка во с.Мирковци, скопско, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.10.2022 во 19.30 часот во СВР Скопје, П.П.(66) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од Б.Г.(29) од Скопје. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.10.2022 во 16.24 часот во СВР Битола, од Итна медицинска помош Битола било пријавено дека кај изворите на кисела вода на место викано „Сребрена вода" во близина на с.Крстоар, битолско, биле пронајдени починати А.Н.(68) и К.Н.(63), двајцата од Битола. За настанот бил известен Јавен обвинител, а од екипа од Итна медицинска помош била констатирана смрт. По наредба на Јавен обвинител, телата на починатите биле предадени за обдукција.

На 26.10.2022 во 15.50 часот во Полициската станица Чаир, А.Н.(45) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка С.А.(17), која и претходно била пријавувана дека го напуштала домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 26.10.2022 во 17.40 часот, А.М.(33) од Охрид во полициска станица пријавила дека на улицата „Крум Точков" во Охрид била касната од куче скитник.

На 26.10.2022 во ОВР Кичево, И.П.(64) од Македонски Брод пријавил дека на локален пат во кичевското село Пополжани бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава Д.С.(22) од село Долно Седларце, општина Боговиње, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 15.07.2021 на регионалниот пат с.Топлица -с.Добридол, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф", управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин и марихуана.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Р.Б.(33) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.10.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин и марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.С.(25) од Гостивар и Ј.С.(50) од село Чајле, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство" и „лажно пријавување на кривично дело". На 19.07.2022 во село Старо Чајле, по кратка расправија, физички го нападнале Ј.З.(39) и со остар предмет му се заканиле, по што во полициска станица пријавиле дека тие биле нападнати.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Љ.Н.(59) од Битола поради постоење основи на сомнение за кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 12.07.2022 на својот фејсбук профил, пријавениот поставил коментар во кој повикувал на насилство и нарушување на јавниот ред и мир.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет